# СО ВКЛУЧУВАЊЕТО НА ЛЕПАВЦОВ И ГРУЕВСКИ ИМ СЕ ДОДОДЕКА КЕРИМ ОД

**Со наименувањето на Лепавцов и на Димитров за советници, премиерот сака да покаже дека смета и на старите вмровски фамилии, затоа што околу себе е опкружен со Ѕинговци, Титовци, и неискусни млади кадри.**

**Со овој потег треба да се реализираат две цели: прво, Груевски да покаже дека е близок до републиканците и, второ, дека поширокиот естаблишмент на ВМРО-ДПМНЕ (стари и млади кадри) е ориентиран проамерикански.**



ГЕРМАНСКИ ПОДДРЖУВАЧИ ОД МАКЕДОНСКИОТ ПОЛИТИЧКИ ВРВ



Пишува: **Венцо ДОНЕВ**

Премиерот Никола Груевски го засили својот Кабинет со уште двајца советници, Андреј Лепавцов и Никола Димитров. Ваквиот потег на Груевски се оценува како засилување на проамериканската политика. Досегашната владина политика се профилираше како прогерманска, а за нејзини протежери се сметаат премиерот Никола Груевски и министерот за надворешни работи Антонио Милошоски, но и министерката за евроинтеграции, Габриела Коневска-Трајковска, која беше директорка на невладината "Транспарентност Македонија", чие седиште е во Берлин. На оваа линија Трајковска има одлични односи со Слаѓана Тасева која, исто така, беше член на организацијата и истовремено и член на Антикорупциската комисија. Сепак, за Трајковска е клучна врската со Хомбах, кој ја поставува за директор на СЕКИ при Пактот за стабилност во Букурешт. Трајковска останува четири години на чело на СЕКИ, дури потоа се враќа во Македонија. Иако САД ни ја даваат најголемата поддршка, пред сè, во спорот за името со Грција, оваа земја се прикажува и како еден од главните лобисти за наше зачленување во НАТО. Посочувањата за водење на прогерманска политика доаѓаат оттаму што поголемиот дел од владиниот Кабинет, како и министерските кабинети, се пополнети со стипендисти на германската фондација "Конрад Аденауер", дури и поголем дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

## КОИ СЕ ЗА ПРОГЕРМАНСКА ПОЛИТИКА?

Секако најекспониран во оваа насока е министерот за надворешни работи Антонио Милошоски, кој е германски стипендист. Тој магистрираше во Германија, а таму треба да го брани и докторатот. Неговата шефица на Кабинетот, Корнелија Утевска, е германист, а нејзината мајка, родум Германка, работи во германската Амбасада. Исто така, и шефот на Кабинетот на премиерот, Мартин Протоѓер, се смета како експонент на германското лоби, затоа што тој доаѓа од "Медиа принт Македонија", каде работеше како лице за односи со јавност. Протоѓер добро го познава германскиот јазик, бидејќи ги користел бенефитите на "Конрад Аденауер", затоа што таму магистрирал на тема од комуникологијата.

МПМ е огранок на германската корпорација "ВАЦ" во Македонија, сопственик на дневните весници "Дневник", "Вест" и "Утрински весник", чиј прв директор е Срѓан Керим, поранешен амбасадор во Германија и многу близок човек на Бодо Хомбах, кој беше претседател на Пактот за стабилност.

Всушност, за Керим се смета дека е главната врска на Љубчо Георгиевски и на Никола Груевски со Германците, односно приближувањето на германската фондација до ВМРО-ДПМНЕ и доаѓањето на "ВАЦ" во нашава земја, пред сè, со поранешниот министер за надворешни работи Клаус Кинкел, кој беше шеф на германската разузнавачка служба БНД. Како главен експонент на германската политика се спомнува директорот на "Конрад Аденауер", Улрих Клепман, кој е германски офицер со чин потполковник-разузнавач.

## МЕСТО ЗА ГЕРМАНИЈА ВО СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Како еден од германските лобисти се смета и доктор Жан Митрев. Но, не смее да се заборави дека ПР-поддршката за изборите владејачката партија ја добиваше од фондацијата "Конрад Аденауер", односно ЦДУ.

Иако Германија има голем број поддржувачи во македонскиот политички врв, сепак рамнотежата не е на заедничко задоволство, затоа што во водењето на својата политика Германците повеќе се вербалисти отколку оперативци, за разлика за односот кон една Хрватска или Словенија. Македонија има уште за одработување, особено претседателот на Генералното собрание на Обединетите нации (од септември), Срѓан Керим. Тој ќе треба да излобира проширување на Советот за безбедност, односно да обезбеди место и за Германија. Но, заклучокот е дека Македонија многу ѝ дава на Германија, а за возврат не добива ништо.

## ДИМИТРОВ ВО СОВЕТНИЧКИОТ ТИМ НА ПРЕМИЕРОТ

# ДВОРУВА НА АМЕРИКАНЦИТЕ РАБОТУВА ЗА ГЕРМАНЦИТЕ


ЌЕ СЕ ДОКАЖУВА ДЕКА СОЈУЗНИШТВОТО СО САД Е НАЈВАЖНО!

### ТАЧИ ПОБЛИЗОК ДО САД

Кај албанските партии ДПА ѝ дава безрезервна поддршка на американската политика. Во оваа активност особено се истакнува претседателот Мендух Тачи, иако е на црната листа на Американците. Тие знаат за многу негови активности, но преку сè тоа поминуваат поради еден факт, тој е истакнат борец против исламскиот фундаментализам.

Додека Али Ахмети повеќе е наклонет кон европската левичарска опција, па затоа врските со Германија се многу поконкретни отколку со САД, што всушност се покажа во текот на воениот конфликт во 2001 година. Ахмети и неговите приврзаници се трудат да ја покажат својата приврзаност со Американците.

### БУЧКОВСКИ НАЈСИГУРЕН ПРОМОТОР

Кај СДСМ, како главен протежер на проамериканските ставови, се истакнуваше Бранко Црвенковски, кој всушност ја доби нивната поддршка во 2002 година за да го собори Љубчо Георгиевски од власт. Најсигурен и најупорен агитатор на американската политика е поранешниот премиер Владо Бучковски, кој имаше средба со претседателот на САД, Џорџ Буш, што е највисок дострел на еден македонски премиер.

Секако треба да се забележи дека во редовите има цврста линија која е антиамерикански настроена. Таа групација учествуваше во нападот на американската Амбасада во Скопје и организираше луѓе за Бранков мост во Белград, во време на воздушните напади на Србија.

Во активно протежирање на прогерманската политика се вбројуваат посетите и на премиерот и на шефот на дипломатијата на Германија, додека посетата на САД се одлагаше неколку пати и ќе се оствари деновиве, односно Милошоски ќе се сретне со државниот секретар Кондолиза Рајс. Според наши сознанија, министерот Милошоски ќе биде ставен на тапет по забелешките испратени од американската Амбасада од Скопје.

За Владо Поповски, како еден од советниците на премиерот, се вели дека е проруски ориентиран. Груевски мора да докаже пред стратешкиот партнер дека сојузништвото со САД е најважно, па затоа ги наименува Андреј Лепавцов и Никола Димитров за советници, притоа Американците ќе може да очекуваат дека политиката на Владата ќе биде насочувана кон нив.

Лепавцов е актуелен директор на Меѓународниот републикански институт (ИРИ) во Македонија, претходно беше портпарол на покојниот претседател Борис Трајковски, додека Димитров беше амбасадор во САД, и е актуелен преговарач за името со Грција заедно со посредникот на ОН, Метју Нимиц. Исто така, и тој беше во Кабинетот на Трајковски, како советник за безбедност, а истата функција ќе ја врши и кај Груевски, додека Лепавцов е задолжен за надворешната политика. Во исто време Лепавцов е и генерален секретар на Паневропската унија, која ги обединува десничарските пратеници во Европскиот парламент. Тој ќе треба да балансира во односите меѓу Американците и Европејците. Бидејќи и двајцата, на овој или на оној начин, се поврзани со Американците, а беа и во Кабинетот на Трајковски, политичар кој воопшто имал најдобри релации со Владата на САД, тие се сметаат за засилувачи на проамериканската определба на премиерот. Како поддржувачи на проамериканската политика се посочуваат министрите Глигор Ташковиќ, Веле Самак и Иво Ивановски, но и државниот секретар во МНР, Игор Илиевски.

### ПОТЕГ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИ ИЗБОРИ, А МИЛОВАНОВИЌ СÈ УШТЕ ЛУТА

Груевски е свесен дека политиката му е послабата страна. Имајќи го предвид фактот дека Црвенковски го засили својот тим со Сашо Ордановски, кој се смета за човек на Американците, притоа користејќи ги врските на косовскиот милионер Ветон Сурои кој, пак, пред сите балкански политичари се сретна со Џорџ Буш, премиерот мораше да повлече конкретен потег со кој ќе ги убеди Американците дека Македонија сигурно ја насочува својата политика кон САД. Од друга страна, ќе му се избие адутот на Црвенковски дека само тој води проамериканска политика, работа која најдобро ја демонстрираше на Самитот на лидерите на Југоисточна Европа во Загреб, каде присуствуваше и рускиот претседател Владимир Путин.

Сепак, познавачите на американската политика сметаат дека овој потег е само добар ПР, но нема многу да го доближи, пред сè, со американската Амбасада и до амбасадорката Џилиен Миловановиќ. Со овој потег треба да се реализираат две цели: прво, да покаже дека е близок до републиканците и, второ, дека поширокиот естаблишмент на ВМРО-ДПМНЕ (стари и млади кадри) е ориентиран проамерикански.

Со наименувањето на Лепавцов и на Димитров за советници, премиерот сака да покаже дека смета и на старите вмровски фамилии, затоа што околу себе е опкружен со Ѕинговци, Титовци, и неискусни млади кадри. Ова значи дека Груевски се подготвува за предвремени избори, на кои ќе му биде драгоцена помошта од старите членови.